# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.13 од 21.02.2001 година**

## Член 1

Во Законот за административните такси ("Службен весник на Република Македонија" број 17/93, 20/96 и 7/98), членот 23 се менува и гласи:

"Во поглед на присилната наплата на таксите соодветно се применуваат одредбите од Законот за утврдување и наплата на јавните приходи."

## Член 2

"Во членот 37 во Тарифата на административните такси се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Под точката "1. Поднесоци" се додаваат зборовите:

**"Тарифен број 1**

денари се плаќа

денарска противвредност

во САД долари"

2. Тарифниот број 4 се менува и гласи:

**"Тарифен број 4**

| | |
|---|---|
| 1. За постапка за стекнување на државјанство на Република Македонија со природување | 20 |
| 2. Ако во постапката за стекнување на државјанство на Република | 80 |

| | |
|---|---|
| Македонија со природување се донесе решение со кое се стекнува државјанство | |
| 3. За постапка за престанок на државјанство на Република Македонија | 100 |

Забелешка:

Ако во постапката се донесува решение кое  се однесува за стекнување или престанок на државјанство на членови на семејство, се плаќа една такса за сите ленови на семејството.”

3. Тарифниот број 12 се менува и гласи:

**“Тарифен број 12**

| | |
|---|---|
| За акт врз основа на кој се стекнува право за да се отпочне со вршење на дејност | 600 |

4. По тарифниот број 21 се додаваат два нови тарифни броја 21-а и 21-б кои гласат:

**“Тарифен број 21-а**

| | |
|---|---|
| 1. За одобрение за полагање испит за стекнување звање  и овластување на бродовите во внатрешната  пловидба, за издавање уверенија за положен испит, за замена на уверението за положен | 150 |

| | |
|---|---|
| испит поради дотраеност, за издавање и продолжување на важноста на бродските исправи-книги | |
| 2. За управувач на чамец, за издавање одобрение за полагање испит за уверение за положен испит, за замена на уверението поради дотраеност, за давање или продолжување на важноста на пловидбената дозвола | 100 |

**Тарифен број 21-б**

За издавање уверение за стекнување звање на:

| | |
|---|---|
| 1. Морнар моторист, крмар на влекач (тегленица), бродски крмар, ракувач со пливачки објект од прва класа | 100 |
| 2. Бродоводач на внатрешна пловидба, поручник на внатрешна пловидба, машиноводач на внатрешна пловидба. машинист на внатрешна пловидба | 150 |
| 3. Капетан на внатрешна пловидба, машинист на внатрешна пловидба од прва класа | 200 |

5. По тарифниот број 23 се додава нов тарифен број

23-а кој гласи:

**“Тарифен број 23-а**

За уверение со кое се запишува во Регистарот на воздухоплови на Република Македонија:

1. Регистрација на воздухоплов 1.000

2. Привремена регистрација на воздухоплов 1.000

3. Бришење на воздухопловот од регистарот 1.000”

6. Тарифниот број 24 се менува и гласи:

**“Тарифен број 24**

За решенија со кои се врши распределување на деловните субјекти по претежна дејност според Националната класификација на дејностите и запишување на деловните субјекти во Евиденцијата на правни субјекти за статистички потреби што ја води Државниот завод за статистика.

| | |
|---|---|
| 1. За решение за распределување на деловниот субјект по претежна дејност според Националната класификација на дејностите и упис во Евиденцијата на правни субјекти | 800 |
| 2. За решение со кое се врши промена на претежната дејност или на други податоци за деловниот субјект и упис на промената во Евиденцијата на правни субјекти | 500 |
| 3. За издавање на заверен препис од решение | 200” |

7. По тарифниот број 28 се додава нов тарифен број 28-а, кој гласи:

**“Тарифен број 28-а**

| | |
|---|---|
| За дејствија и акти што се преземаат кај монополските органи: | |
| - барање да се издаде дозвола за договорите или одлуките (кризни монополи, монополи за рационализација, извозни | 5.000 |

| | |
|---|---|
| монополи, увозни монополи, монополи во јавен интерес) | |
| - решение за издавање на дозвола за договори и одлука | 10.000 |
| - решение за продолжување на важноста на издадената дозвола | 5.000 |
| - решение за укинување или изменување на издадената дозвола | 5.000 |
| - барање за регистрирање на договори и одлуки во посебниот регистар на Монополската управа | 5.000 |
| - известување до Монополската управа за договорите и одлуките | 3.000 |
| - известување до Монополската управа за раскинување или престанок на важноста на договорите и одлуките | 3.000 |
| - дополнително известување до Монополската управа за изјавениот отказ на договорот | 3.000 |

| | |
|---|---|
| - барање за издавање на дозвола за реализирање на обезбедувањето | 3.000 |
| - решение за издавање на дозвола за реализирање на обезбедувањето | 5.000 |
| - решение со кое се прогласува дека поништувањето нема да влијае врз полноважноста на другите одредби од договорот | 5.000 |
| - барање за издавање на решение со кое се дозволува вршење на одредени права од договорот | 3.000 |
| - решение со кое се дозволува вршење на одредени права од договорот | 5.000 |
| - барање да се издаде дозвола за договор за лиценца | 3.000 |
| - решение за издавање на дозвола на договор за лиценца | 5.000 |
| - барање да се издаде дозвола за договорот со искористување на | 3.000 |

| | |
|---|---|
| техничко знаење и искуство (кноу- хоу) | |
| - решение за издавање дозвола за договорот со искористување на техничко знаење и искуство (кноу- хоу) | 5.000 |
| - известување до Монополската управа за спојување на претпријатијата | 3.000 |
| - решение за забрана на спојување на претпријатијата | 5.000 |
| - известување до Монополската управа за планирано спојување на претпријатија | 3.000 |
| - издавање на дозвола за спојување на претпријатија | 5.000 |
| - барање за издавање налог за прием во здружение | 1.000 |
| - решение за издавање налог за прием во здружение | 2.000 |
| - барање до | |

| | |
|---|---|
| Монополската управа за регистрирање на правилата за конкуренција во монополскиот регистар | 5.000 |
| - известување за секоја измена или дополнување на правилата за конкуренција | 2.000 |
| - барање за давањс согласност на правилата за конкуренција | 3.000 |
| - за изјавена жалба по одлука на монополскиот орган | 6.000” |

8. По тарифниот број 30 се додаваат три нови тарифни броја 30-а, 30-б и 30-в кои гласат:

**“Тарифен број 30-а**

| | |
|---|---|
| Решение за издавање на одобренија за повремено приредување на игри на среќа | 1.000 |

**Тарифен број 30-б**

| | |
|---|---|
| Одобренија за основање и работа на друштво за осигурување | 3.000 |

| | |
|---|---|
| Давање на согласности на акти на друштва за осигурување | 1.000 |

**Тарифен број 30-в**

| | |
|---|---|
| Решение за издавање на дозвола за работа за вршење на работи на ревизија | 2.000” |

9. По тарифниот број 44 се додава нов тарифен опој 44-а, кој гласи:

**“Тарифен број 44-а**

За барање за ставање во промет на секоја форма, тип (идентичен состав, различен модел, односно димензии) и пакување на медицинско помагало и тоа:

| | |
|---|---|
| - за домашен производител | 12.000 |
| - за странски производител преку овластен застапник | 550” |

10. Во тарифниот број 45 по зборот “лек” се додаваат зборовите: “медицинско помагало,”

11. По тарифниот број 45 се додава нов тарифсн број 45-а кој гласи:

**"Тарифен број 45-а**

За барање за пуштање во промет на отровите што се наменети за одржување на јавна хигиена, за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, и тоа:

| | |
|---|---|
| - за домашен производител | 13.500 |
| - за странски производител преку овластен застапник | 650" |

12. Во тарифниот број 73 се додава нов став 2 кој гласи:

| | |
|---|---|
| За решение за одобрување на царински контингенти | 600" |

13. По тарифниот број 108 се додава нов тарифен број 108-а, кој гласи:

**"Тарифен број 108-а**

| | |
|---|---|
| За издавање на Решение за доделување и користење иа броеви, серии на броеви, имиња и адреси од Планот за нумерација на телекомуникациските мрежи во Република Македонија | 500" |

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.